| Неделна Тема | Како се грижиме за своето здравје |
|---|---|
| **Содржина на денот** | Како поздравувам |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Весна Пецева |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Вежби за различни начини на поздравување со деца и возрасни со одржување на физичко растојание. ( Поздрав со кревање на рака, допир со стапало и сл.). |
| **Активности** | 1. Разговор на тема: “Како поздравувам”<br>Со помош на слики децата се мотивираат да користат културни зборови за поздравување. (Добро утро, Добар ден, здраво, догледање и сл).<br>Потоа со кукли на театар на маса се изведуваат разни ситуации од секојдневниот живот каде треба соодветно да се поздрави. Детето активно се вклучува во играта и заедно со поддршка на возрасен се обидува да ги каже соодветните зборови за поздравување. (На пример: во продавница, на игралиште, на улица, на гости и сл.).<br>Потоа преку секојдневни животни активности во текот на денот детето се потсетува да ги користи културните зборови за поздравување во реални ситуации. |